АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ
Република Македонија

тел. 02 3290 592
факс: 02 3290 240
адреса: Васил Главинов бр.12, ТЦЦ Плаза, кат 2, 1000 Скопје
е-пошта: contact@aso.mk
www.aso.mk

# СООПШТЕНИЕ
## за спроведување на обука и стручен испит за вршење работи на застапување во осигурување и обука и стручен испит за вршење на осигурително брокерски работи

Агенцијата за супервизија на осигурување ја информира јавноста дека ќе организира обука и полагање на стручен испит за вршење на работи на застапување во осигурување (во понатамошниот текст: обука и стручен испит за застапник) и обука и стручен испит за вршење осигурително брокерски работи (во понатамошниот текст: обука и стручен испит за брокер).

Обуката за застапник во времетраење од 3 дена (вкупно 18 наставни часа) ќе се спроведе во периодот 22-24.9.2016 година а обуката за брокер во времетраење од 4 дена (вкупно 27 наставни часа) ќе се спроведе во периодот 22-24.9.2016 година и 1.10.2016 година. Точните термини и деталниот распоред на предавањата во рамки на обуките ќе биде објавен на интернет страницата на Агенцијата за супервизија на осигурување пред отпочнување на обуките.

По завршување на обуката, Агенцијата ќе спроведе стручен испит за застапник односно стручен испит за брокер. Датумите за полагање на стручниот испит за застапник односно стручниот испит за брокер се:

**Прв дел (теоретски дел) на 21.10.2016 година**
**Втор дел (практичен пример) на 4.11.2016 година**

Кандидатите кои нема да го положат стручниот испит за застапник односно стручниот испит за брокер со првото полагање имаат право на две повторни полагања на испитот во рок од 6 месеци од денот на завршување на обуката и тоа во следните термини:

**Второ полагање**
**Прв дел (теоретски дел) на 11.11.2016 година**
**Втор дел (практичен пример) на 25.11.2016 година.**

**Трето полагање**
**Прв дел (теоретски дел)на 2.12.2016 година.**
**Втор дел (практичен пример) на 16.12.2016 година.**

Кандидатите кои успешно ќе го положат стручниот испит за застапник односно брокер ќе се здобијат со Уверение за положен стручен испит за застапник во односно Уверение за положен стручен испит за брокер.

Кандидатите кои три пати едноподруго не го положат стручниот испит за застапник односно стручниот испит за брокер, го губат правото за повторно полагање предвиден со обуката.

тел. 02 3290 592
факс: 02 3290 240
адреса: Васил Главинов бр.12,
ТЦЦ Плаза, кат 2,
1000 Скопје
е-пошта: contact@aso.mk
www.aso.mk

Со обуката за застапник се опфатени 6 (шест) подрачја – модули и тоа:

1. Основи на управување со ризик и осигурување;
2. Законска регулатива од областа на осигурување;
3. Трговско и облигационо право;
4. Застапување во осигурување и етички кодекс;
5. Осигурување на живот;и
6. Неживотно осигурување.

Со обуката за брокер се опфатени 9 (девет) подрачја – модули и тоа:

1. Основи на управување со ризик и осигурување;
2. Законска регулатива од областа на осигурување;
3. Трговско и облигационо право;
4. Посредување во осигурување и етички кодекс;
5. Осигурување на живот;
6. Неживотно осигурување;
7. Финансиски аспекти на работењето;
8. Снимање на ризик и посредување при реализирање на штети; и
9. Реосигурување.

Деталната содржина на секој од модулите од обуката за застапник односно обуката за брокер е разработена во Наставната програма за полагање стручен испит за застапник во осигурување односно Наставната програма за полагање стручен испит за брокер која ја утврдува Агенцијата и во која се содржани градивото, прописите и литературата. Наставната Програма е објавена на веб страницата на Агенцијата за супервизија на осигурување.

Начинот и постапката за спроведување на обуката и стручниот испит за застапник односно стручниот испит за брокер е детално пропишана со Правилникот за начин и постапка за спроведување на обука за вршење работи на застапување во осигурување (“Службен весник на Република Македонија” бр. 24/2015), Правилникот за начин и постапка за спроведување на обука за вршење осигурително брокерски работи (“Службен весник на Република Македонија” бр. 24/2015), Правилникот за начин и постапка за спроведување на стручен испит а вршење работи на застапување во осигурување (“Службен весник на Република Македонија” бр. 118/2014) и Правилникот за начин и постапка за спроведување на стручен испит за вршење осигурително брокерски работи (“Службен весник на Република Македонија” бр. 118/2014).

Надоместокот за учество на обука и за полагање на стручниот испит за застапник односно брокер е утврден во Тарифникот за содржината и висината на надоместоците и давачките што ги наплатува Агенцијата за супервизија на осигурување и роковите за уплата (“Службен весник на РМ” бр.147/2009, 149/2009, 154/2009, 20/2012, 130/2013, 1/2015 и 22/2016) и истиот изнесува **7.000 денари за застапник односно 14.000 денари за брокер.**

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ
Република Македонија

тел. 02 3290 592
факс: 02 3290 240
адреса: Васил Главинов бр.12, ТЦЦ Плаза, кат 2, 1000 Скопје
е-пошта: contact@aso.mk
www.aso.mk

За учество на обуката и полагање на стручниот испит за застапник лицето треба да ги исполнува следните услови:

1. да има најмалку средно образование;
2. да го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо; и
3. да не извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување или друго правно лице над кое е отворена стечајна постапка.

За учество на обуката и полагање на стручниот испит за брокер лицето треба да ги исполнува следните услови:

1. да има завршено четиригодишно средно образование;
2. да го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо; и
3. да не извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување или друго правно лице над кое е отворена стечајна постапка.

Сите заинтересирани кандидати, **најдоцна до 9.9.2016 година,** може да се пријават за учество на обуката и полагање на стручниот испит за застапник односно брокер со поднесување на следните документи (со назнака: Пријава за обука/Барање за полагање на испит) до Агенцијата за супервизија на осигурување (адреса: ул. Васил Главинов бр. 12, ТЦЦ Плаза, кат 2, Скопје):

1. Пополнет образец – Пријава за учество на обука за застапник/Барање за полагање на стручен испит за застапник односно Пријава за учество на обука за брокер/Барање за полагање на стручен испит за брокер (достапен на интернет-страницата на Агенцијата, www.aso.mk, или во архивата на Агенцијата);
2. За исполнување на условот лицето да има најмалку средно образование односно да има завршено четиригодишно средно образование – Уверение/Диплома за завршено четиригодишно средно образование (IV степен) или повисок степен на образование, во оригинал или заверено од нотар;
3. За исполнување на условот лицето да го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо – доказ дека лицето учело/полагало предмет македонски јазик во текот на своето образование видно од доставеното Уверение/Диплома за завршено средно образование или повисок степен на образование (за македонски државјани);
4. За исполнување на условот лицето да го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо - Потврда дека лицето го познава македонскиот јазик и неговото кирилско писмо, издадена од соодветна надлежна институција (за странски државјани);
5. За исполнување на условот лицето да не извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во друштво за осигурување или друго правно лице над кое е отворена стечајна постапка - Изјава дека лицето не извршувало функција на лице со посебни права и одговорности во

тел. 02 3290 592
факс: 02 3290 240
адреса: Васил Главинов бр.12, ТЦЦ Плаза, кат 2, 1000 Скопје
е-пошта: contact@aso.mk
www.aso.mk

друштво за осигурување или друго правно лице над кое е отворена стечајна постапка, заверена кај овластено лице нотар; и

6. Доказ за уплатен надоместок за учество на обука и за полагање на стручниот испит за застапник во осигурување односно брокер.

Доказот за уплатен надоместок треба да ги содржи следните податоци:

| | |
|---|---|
| ЦЕЛ НА ДОЗНАКА: | Учество на обука и полагање стручен испит за застапник /Учество на обука и полагање стручен испит за брокер |
| НАЗИВ НА ПРИМАЧОТ: | Агенција за супервизија на осигурувањето - Скопје |
| БАНКА НА ПРИМАЧОТ: | Стопанска банка АД -Скопје |
| СМЕТКА: | 200002007041251 |

Подетални информации за начинот и постапката на спроведување на обуката и стручниот испит, наставната програма, точните термини и местото на одржување на обуките и стручните испити, може да се најдат на интернет страницата на Агенцијата за супервизија на осигурување (www.aso.mk) или на телефонскиот број: 02 3254-050.

**НАПОМЕНА**: Пријавите/барањата за учество на обука и полагање на стручен испит кои ќе бидат доставени по истек на рокот за доставување на истите, нема да бидат земени предвид.

**АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ**